Република Северна Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

# ИЗВЕШТАЈ
# за работата на Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба во 2020 година

## I. Работа на Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба

Владата на Република Северна Македонија формира Комисија за извоз на стоки и технологии со двојна употреба со Решение бр. 42-9148/1 од 4 ноември 2014 година, согласно член 4 став 1 од Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба („Службен весник на Република Македонија“ број 82/05, 84/07, 158/10, 136/11, 199/14, 192/15 и 53/16). Заради заминување на заменик член од комисијата на друга работна задача, се донесе Решение за изменување на Решението за именување на членови и нивни заменици за Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба под број 44-11130/1-18 од 08 јануари 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ број 4/19).

Согласно Резолуцијата 1540 (2004) на Советот за безбедност на ОН, сите земји треба да воспостават соодветна законска легислатива за да може да се воведе издавање на дозволи за контрола на стока, сеопфатни клаузули за стока која што не е на списоците, транзитни и ИТТ (нематеријален пренос на технологија) контроли, како и сеопфатни правила за брокеринг активности, финансирање на распространување и техничка помош.

За следење на позициите во резолуцијата, кои се превземени во законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба, Комисијата врши работи согласно член 4 став 4 од законот и тоа:

- предлага Листа на стоки и технологии со двојна употреба и Листа на држави, организации, ентитети или поединци во однос на кои има ограничувања во извозот на стоки и технологии со двојна употреба, до Владата на Република Северна Македонија;
- дава иницијативи за уредување на прашања од значење за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба, со овој или друг закон;
- остварува соработка со надлежни меѓународни институции и тела во врска со контролата на извозот;
- ги разгледува барањата за издавање на дозволи за извоз, дозволи за брокерски услуги и дозволи за транзит на стоки и технологии со двојна употреба и подготвува записник за секој поединечен предмет, кое го доставува до министерот за економија, и
- врши и други работи утврдени со овој и друг закон.

Согласно членот 12 од Деловникот за работа на Комисијата, предвидено е седниците на комисијата редовно да се одржуваат три пати во текот на годината, а по потреба или на барање на членовите на Комисијата и повеќе пати.

## II. Одржани седници на Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба

Поради ново настанатата состојба со коронавирусот и мерките што ги имаше донесено Владата на Република Северна Македонија за целосна забрана на секаков вид на собири без оглед на обемот и бројот на учесници, членовите на Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба, седниците во 2020 година ги одржуваше он-лајн. Во текот на 2020 година, Комисијата одржа единаесет седници, и истите во континуитет се нумерирани во продолжение од претходната година.

## III. Активности на стручната служба за стоки и технологии со двојна употреба во Министерството за економија

Административно - техничките работи на Комисијата ги врши секретарот на Комисијата кој е вработен во Министерството за економија во согласност со актот за организација на работата. Извозот на стоки и технологии со двојна употреба во Република Северна Македонија, подлежи на контрола со цел заштита на безбедноста, економските интереси и надворешно политичките интереси во зајакнување на меѓународниот мир и безбедност, како и за исполнување на меѓународните обврски согласно надлежностите во Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба.
Во извештајниот период стручната служба подготви измена на Предлог- Одлуката за утврдување на Листата на стоки и технологии со двојна употреба, која се донесува согласно член 5 точка 1 од Законот и на предлог на Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба, Владата на Република Северна Македонија донесе Одлука за утврдување на Листа на стоки и технологии со двојна употреба. Листата ги опфаќа стоките и технологиите со двојна употреба за кои правните и физичките лица, кои вршат извоз, брокеринг и транзит на стоки и технологии со двојна употреба мора да достават барање за добивање дозвола за извоз, брокеринг и транзит на стоки и технологии со двојна употреба, од Министерсвото за економија. Одлуката за утврдување на Листата на стоки и технологии со двојна употреба, објавена е во „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 81/20. Листата се усогласи со Листата на стоки и технологии со двојна употреба во Регулативата (ЕУ) 2019/2199 од 17 октомври 2019 година, делегирана на Комисија, Анекс I, за изменување на Регулативата (ЕЗ) број 428/2009 на Советот за воспоставување на систем на Заедницата за контрола на извозот, трансферот (пренос), брокерингот (посредништво) и транзитот на стоки и технологии со двојна употреба.

**IV. Издадени дозволи и мислења на правни субјекти за извоз на стоки и технологии со двојна употреба, како и сертификати за краен корисник при увоз на стоки и технологии со двојна употреба**

Во текот на 2020 година, од страна на правните субјекти, до Министерството за економија поднесени се:

- 20 барања за издавање на дозволи за извоз на стоки и технологии со двојна употреба, по кои се издадени 18 дозволи за извоз на стоки и технологии со двојна употреба за следните крајни дестинации (Индија, Русија, Турција, Кореја, Кина, Словачка Република, Холандија, Израел, САД, Хрватска, Германија и Саудиска Арабија), а 2 барања за добивање дозвола за извоз на стоки и технологии со двојна употреба за дестинациите (Холандија и Израел) беа во постапка на разгледување до доставување на Извештајот во ВРСМ на усвојување.
- 2 барање за мислење по однос на Термопластични примероци-Плочи, Термопластични примероци-Прстени, Термопластични примероци-Демонстратор и Челичен мандрал дали при извозот подлежат под режим на дозвола за извоз на стоки и технологии со двојна употреба.
- 6 барања за издавање на сертификат за краен корисник при увоз на стоки и технологии со двојна употреба.

**V. Одржани обуки**

Поради настанатата состојба со коронавирусот и мерките што ги имаше донесено Владата на Република Северна Македонија за целосна забрана на секаков вид на собири без оглед на обемот и бројот на учесници за време на овој период, преставници од ресорните министерства како и членови од Комисијата учествуваат на одржана една он-лајн работилница и тоа: Министерството за економија, Министерството за надворешни работи и Царинската управа на Република Северна Македонија, на тема Препознавање и Класификација на стоките со двојна намена, во организација на Стејт Департментот на САД преку Амбасадата на САД од Програмата за контрола на извозот и гранична безбедност (EXBS), на 05-06. 10.2020 година.

Република Северна Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА